Макпромет АД Штип

Годишно собрание

0201-228

29.09.2020 година

**Собранието на акционери на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип (во понатамошен текст: Друштвото) со ЕМБС 4050525** со седиште на ул. Д-р.Слободан Јовановски бр.3 Штип во свое име и како единствен основач на **Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип со ЕМБС 5224969 и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство,трговија,услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип со ЕМБС 5647622,** врз основа на одредбите од актот за основање, на ден 29.09.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за задолжување на Европа ДООЕЛ Штип и обезбедување со меници

1.Се дава согласност **Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип** да се задолжи врз основа на **Договор за рамковен револвинг кредит лимит** врз основа на заложно право **на износ од ЕУР 2.000.000,00** со рок до **30.06.2030 година** склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип како корисник-должник, како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорт за РРКЛ како и оние поединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, под услови и рокови утврдени во поединечните договори.

2.Се дава согласност заради обезбедување на Договорот цитиран во точка 1 од оваа Одлука, **Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип да издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава - согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, утврдени со Нотарски акт и клаузула за извршност - акцептирани и трасирани од Друштвото корисник-должник и авалирани од Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип.**

3. Се дава согласност **Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, да авалирааат 3 (три) бланко, сопствени, акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени со Нотарски акт и клаузула за извршност – издадени, акцептирани и трасирани од Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип** заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на **Договорот за рамковен револвинг кредит лимит** врз основа на заложно право **на износ од 2.000.000,00** со рок до 30.06.2030 година, склучен помеѓу **Комерцијална Банка АД Скопје** како доверител и **Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип** како должник.

4. Собранието на акционери потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговски друштва задолжувањето на Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип со Договорот цитиран во т. 1 од оваа Одлука на износ од ЕУР. 2.000.000,00, и авалирањето на мениците од страна на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија,услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип е зделка над 20,0% односно истата изнесува 76,44% од книговодствената вредност на имотот на МАКПРОМЕТ АД Штип по последната ревидирана завршна сметка и истата подлежи на правилата за одобрување на голема зделка согласно ЗТД.

5.Се овластува Управителот на **Друштвото за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип** во име и за сметка на Друштвото да го потпише **Договорот за рамковен револвинг кредит лимит** врз основа на заложно право **на износ од ЕУР 2.000.000,00** со рок до 30.06.2030 година **како и поединечните договори и анекси кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ**, да го склучи и потпише пред Нотар **Договорот за залог врз недвижен имот** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, **Договорот за залог врз подвижни** предмети со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, да го склучи и потврди пред Нотар Нотарскиот акт за меници со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од **ЕВРОПА ДООЕЛ Штип**и авалирани од Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, како и сета останата документација потребна за предметната работа пред надлежен нотар.

6. Се овластува Извршниот директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип и во име и за сметка на Друштвото во својство на **АВАЛИСТ да ги потпише меничните бланкети и да го потпише и потврди Нотарскиот акт за уредување на меници** со својство на извршност врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките како и да ја потпише сета останата документација потребна за предметната правна работа пред Банката и Нотар.

7. Се овластува Управителот без ограничувања на Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија, услуги и транспорт ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип во име и за сметка на Друштвото во својство на **АВАЛИСТда ги потпише меничните бланкети и да го потпише и потврди Нотарскиот акт за уредување на меници** со својство на извршност врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките како и да ја потпише сета останата документација потребна за предметната правна работа пред Банката и Нотар.

8. Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки од страна на Друштвото согласно важечките акти за основање на Друштвото и законските одредби се потврдува дека дополнителни согласности од други органи и лица на

Друштвото не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализрање на конкретната правна работа одобрена со гласно оваа Одлука.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

МАКПРОМЕТ АД ШТИП
Собрание на акционери
Претседавач
Билјана Мијалова Штерјова